ООУ„Тихомир Милошевски“ а Ѓорче Петров-Скопје
✉с.Ново Село ул.„1“ бр„62“ 1060 Ѓорче Петров-Скопје
☎тел. 2037-805, тел./факс: 2050-582
: http//:tihomirmilosevski.schools.edu.mk
-mail: tihomirmilosevski@yahoo.com

# Кодекс за однесување на онлајн настава за ученици

1. Онлајн наставата, за време на Ковид 19, е формален вид на настава одобрен од Министерството за образование и наука.
2. Се забранува несоодветна онлајн комуникација и објавување на непримерни содржини. Истото ќе биде строго санкционирано со педагошки мерки.
3. За време на онлајн наставата однесувајте се како и за време на редовната настава, што подразбира: навремено вклучување, примерно однесување, меѓусебно почитување, прифаќање на разликите, без дискриминирање и убаво изразување.
4. При пишување користете ги граматичките и правописните правила на мајчиниот јазик.
5. Учениците се одговорни за се што пишуваат, објавуваат или коментираат.
6. Строго се забранети непристојни зборови, навреди, дискриминација, вербално или електронско насилство кон наставникот или соучениците.
7. За време на онлајн наставата, учениците треба да имаат до себе учебници, тетратки и останат прибор кој ќе им биде потребен за непрекинато одвивање на наставата.
8. Сите треба да ги почитуваат авторските права, односно туѓите изработки не смеат да ги прикажуваат како свои.
9. Строго се забранува споделување на ID кодовите на наставниците.
10. Строго се забранува упаѓање на друг час и кај друг наставник освен ако претходно не е договорено со наставникот.
11. На учениците им се забранува било какво снимање на наставата, сликање, споделување на наставата, со цел да се заштитат правата на останатите ученици.

Директор

Јагода Петковска